Д-р Наум Матилов

# ПРОФЕСИОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА НА КАДРИТЕ ВО ПОДГОТОВКА, ВО РАМКИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО

Долго време низ историјата, сè до отпочнувањето на индустриската револуција, дури и во современите социо-економски прилики, семејството егзистира како основна био-социо-економска единица на општеството. Во отсуство на специјализирани општествени институции, семејството претставува затворен микросистем каде што се обавувале сите функции, вклучувајќи ја и подготовката на поединците за своето идно занимање, односно за нивно поуспешно вклучување во општествениот живот. Всушност, во ваквиот патријархален тип на семејство, општествената положба на поединецот непосредно е детерминирана од општествената положба на семејството од кое тој потекнува. Притоа, економската функција е доминантна, така што таа нужно остава свој печат речиси на сите останати семејни функции. Во таа смисла, не само што основниот мотив при склучувањето на бракот е економскиот интерес, туку и самата репродуктивна функција на семејството во основа има чисто економски карактер-обезбедување на работна сила, односно подготовка на работен подмладок за обработка на индивидуалниот имот.

Во овој контекст, во патријархалните животни средини кои ги карактеризираат неразвиени производни сили, семејните групи воедно претставуваат и основни конститутивни елементи на општеството, каде што индивидуалноста на поединецот е ставена сосема во втор план. Во вакви услови семејството се јавува како посредник помеѓу поединецот и општеството, така што во тој поглед самостојноста на личноста тешко може да дојде до израз.

Промените во семејството што настанаа под влијание на глобалниот општествен развиток, сосема ја изменија посредничката улога на семејството, со што истовремено доведоа и до негова радикална трансформација. Семејството повеќе не претставува затворена, мала општествена група која

самата е доволна за сопствената егзистенција. Во новонастанатата ситуација во центарот на вниманието е токму поединецот и тоа, пред сѐ, со своите професионални аспирации, чија индивидуалност долго време беше заробена во тесните семејни рамки. Демократските елементи кои незадржливо навлегуваат во сите области на семејниот живот, донесуваат многу повеќе слобода и независност на членовите на семејството во секој поглед, а посебно во поглед на изборот на своето идно занимање, како едно од најклучните прашања во животот на секој поединец.

Сепак, и во современите општествени прилики, во услови на сѐ поголема институционализација на сите сфери од семејниот живот, можеби уште повеќе до израз доаѓа значењето на улогата на семејството во поглед на насочувањето и неопходната помош на своите млади членови кон изборот на одредено занимање.

Семејството, без сомнение треба да се посматра како примарна општествена група која има пресудно значење за севкупниот развиток на своите членови. Во таа смисла, семејството, посебно во поглед на професионалната ориентација на младите, не треба да се сфаќа како обичен посредник помеѓу општеството и поединецот, затоа што тоа пренесувајќи ги општествените вредности и стандарди на своите членови, води сметка и за предиспозициите кон одредено занимање на конкретниот поединец, поради што нив ги пренесува "алтернативно", оставајќи и широки можности на личноста за самостојно определување.

Севкупниот кадровски потенцијал во подготовка, односно пред неговото вклучување во активна работа, најнапред нужно растел, се развивал и се воспитувал во некое конкретно семејство. Според Иван Корен, влијанието на семејството во поглед на професионалната ориентација е изразено, пред сѐ, преку професионалното воспитување на децата, како и при давањето на непосредна советодавна помош при изборот на идното занимање.

Воспитната функција на семејството, помеѓу другото, се состои и во пренесување на драгоцено искуство од постарата

генерација на помладата за нејзино што поуспешно работно оспособување и осамостојување. Овој т.н. "подготвителен период", пред започнување со активна работа во одредена професија, за поединецот во семејството започнува уште од неговата најрана младост и практично се манифестира преку стекнување на одредени работни навики, односно преку прифаќање на активен, позитивен однос кон работните обврски, воопшто. Во случаите на отсуство на ваквата функција на семејството, мошне чести се појавите на погрешен избор на занимањето, што понатаму доведува до низа негативни импликации кои го следат поединецот во текот на целиот животен век.

Во современите општествено-економски прилики, при обавувањето на оваа своја мошне чувствителна функција, семејството едноставно е принудено да соработува со поширокатa општествена заедница. Имено, преку ваквото "отворање" на семејството кон општеството, заинтересираните млади членови на семејството се во можност да се запознаат со различните стручни и други училишта, со одредени занимања за кои се пројавува посебен интерес, како и со актуелните кадровски потреби на поширокатa општествена заедница. На тој начин се формира и активен и критички однос на поединецот кон неговиот избор на идното занимање. Сите овие мошне чувствителни семејни обврски, современото семејство во актуелниов општествен миг не е во можност самостојно да ги обавува поради што му е неопходна одредена општествена помош која конкретно би се реализирала преку соодветни консултации и други укажувања и активности на стручните институции за професионална ориентација.

Советодавната помош на семејството во поглед на професионалната ориентација на своите членови би требало да се состои во давање на соодветни корисни информации за актуелноста и потребата од одредени занимања во поширокатa општествена заедница, при што посебно треба да се води сметка за постојните можности за вработување, кои барем во сегашниот период, се сосема ограничени што е и една од главните причини за постојната апатичност и безперспективност

на младата генерација. Ваквата помош од страна на семејството е потребна, главно во случаите кога е присутно извесно колебање при изборот на занимањето, понатаму, несовпаѓање помеѓу желбите и способностите на детето со аспирациите на родителите кои често можат да бидат и мошне далеку од реалните прилики и сл.

Познато е дека професионалната ориентација, во денешните услови, практично се спроведува преку училиштата, односно преку образовниот систем, како најмасовна воспитно-образовна институција. Во тој поглед, школувањето на младите во современите услови на живеење е еден од најбитните фактори од кој непосредно зависи не само хоризонталната туку и вертикалната подвижност на населението. Веднаш да напомeнеме дека во патријархалните семејни средини, продолжувањето на школувањето на децата од кои непосредно е детерминирана нивната професионална ориентација, односно нивното идно занимање, е во речиси исклучива надлежност на главата на семејството, најчесто таткото.

Иако и денес во семејството се уште во голема мера се присутни ваквите состојби, сепак за нив се зборува како за остатоци од старите патријархални семејни односи кои се наоѓаат во процес на перманентна трансформација во нови подемократски односи.

Според емпириските податоци добиени од научноистражувачкиот проект "Влијанието на индустријализацијата врз промените и процесите во урбаните и руралните средини во Република Македонија", што го реализира Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања од Скопје во текот на 1991 година, за професионалната ориентација на децата односно на кадрите во подготовка (продолжување на нивното школување), одлучувале следните членови на семејството:

Иако трансформацијата на семејството во оваа сфера е евидентна, вклучувањето на дополнителни варијабли во анализата овозможува поцелосен и подетален пристап во согледувањето на настанатите промени.

| | село | град |
|---|---|---|
| | % | % |
| -Главата на семејството | 38,6 | 29,8 |
| -Жената | 1,4 | 4,5 |
| -Машките деца | 9,1 | 3,4 |
| -Женските деца | 2,9 | 2,1 |
| -Други членови | - | 0,3 |
| -Мажот и жената | 24,5 | 35,6 |
| -Сите членови | 19,0 | 18,9 |
| -Без одговор | 4,5 | 5,3 |
| **Вкупно** | 100 | 100 |

Имено, процесите на индустријализацијата и урбанизацијата, разорувајќи ја старата патријархална семејна структура, директно придонесуваат за отпочнување на процесот на "нуклеаризација" со што семејството најчесто се сведува на четири члена (родители и деца) односно на "биолошки неопходното јадро на репродукција". Социолошките истражувања покажуваат дека токму кај нуклеарните семејства се среќаваат најинтензивни промени во сите семејни сфери.[1]

Всушност, намалувањето на просечната големина на семејството како и стеснувањето на неговиот роднички состав се главни индикатори кои ни овозможуваат по емпириски пат да го согледаме интензитетот, обемот и специфичностите на трансформацијата на патријархалното семејство во Македонија во современо. Ваквите процеси, помеѓу другото, доведуваат до нагло зголемување на значењето на детето во денешното семејство. Ослободени од голем број на работни обврски кои нужно морале да ги обавуваат во рамките на традиционалното семејство, во современата човечка заедница, пред децата се

1. Види поопширно: д-р Наум Матилов, Промените на современото семејство во Македонија (докторска дисертација), Филозофски факултет, Белград, 1990.

отвораат широки перспективи, преку слободниот избор на своето идно занимање, за целосна афирмација и реализација на индивидуалните наклоности, без разлика на семејното потекло, кое често пати може и да го оневозможува развојот на индивидуата. Сепак, според одредени научни согледувања, кадрите во подготовка, односно децата, во сегашниот период на транзиција, при изборот на своето идно занимање, како и во глобален материјален и социјален поглед, се уште се нужно под силно влијание на семејството и родителите, кои во краен случај се еден од основните чинители од кои зависи општествената положба на идните кадри.

Освен процесите на нуклеаризација на семејната група, големо влијание врз преобразбите на семејството во ова специфично подрачје, имаат и етничките карактеристики на населението. Досегашните спроведени социолошки истражувања во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања од Скопје, покажуваат дека интензитетот на овие промени е во висока корелациона поврзаност со националната припадност на таткото, односно на семејството.[2] Во таа смисла, влијанието на самите кадри во подготовка во врска со своето натамошно школување кај албанските семејства, за разлика на пример од македонските, е сосема незабележително.

Освен споменатите фактори, наведените истражувања покажуваат дека мошне значаен детерминатор кој доведува до промени во ова семејно подрачје претставува степенот на образованието на главата на семејството. Во тој поглед најмногу остатоци од патријархалниот тип на семејни односи среќаваме кај семејствата каде што таткото е без школска подготовка, односно неписмен. Имено, кај овие семејства учеството на таткото во одлучувањето за натамошното школување на децата процентуално е релативно највисоко. За разлика од овие семејства, во семејствата каде што таткото

2.Станува збор за научноистражувачките проекти: Улогата на здружните организации во социјалистичката трансформација на селото, 1988, и Влијанието на индустријализацијата врз социјалните промени и процеси во урбаните и руралните средини во Македонија, 1991 год.

има вишо или високо образование и кои најчесто се вбројуваат во современиот тип на семејства, главата на семејството (таткото) воопшто не одлучува самостојно во врска со натамошното образование на своите деца. Кај овие семејства одлуката за продолжување на школувањето најчесто ја донесуваат самите млади (кадрите во подготовка), или пак, за тоа заеднички се договараат таткото и мајката.

Ако при анализата на оваа проблематика ја земеме предвид варијаблата "извор на доход" можеме да констатираме дека во однос на одлучувањето по ова прашање авторитетот на таткото е најизразен кај земјоделските семејства, додека кај мешаните и неземјоделските тој е значително послабо застапен. Тоа значи дека авторитетот на младите кај мешаните и неземјоделските семејства во споредбва со земјоделските е во пораст, што претпоставува дека кај нив се присутни поповолни услови за побрз развој на егалитарните семејни односи.

Изнесените податоци откриваат големи промени по поглед на влијанието на семејството на професионалната ориентација на кадрите во подготовка. Имено, авторитетот на таткото, во однос на одлучувањето во врска со ова суштинско прашање за младите генерации, посебно во градовите, рапидно е опаднат, на сметка на синкратскиот авторитет кој во урбаните семејства има доминантна улога. Од друга страна, во руралните средини, во споредба со урбаните, поголема е присутноста на патријархалните рецидиви. Тоа значи дека, во конкретниов случај, навлегувањето на новите демократски семејни односи, односно нивната егализација во оваа исклучително значајна сфера од семејниот живот, уште повеќе ја потенцира можеби пресудната улога на семејството во професионалната ориентација на кадрите во подготовка. Овие промени, кои според наведените податоци се поинтензивни во урбаните средини, имаат силно влијание врз целокупната семејна структура и семејниот живот во рамките на семејната група, со оглед на тоа што се однесуваат на идниот кадровски профил на младите членови на семејството.

Ставот на младите според кој тие треба да одлучуваат за своето натамошно школување воедно покажува дека

професионалната ориентација, како континуиран процес за целокупниот кадровски потенцијал во подготовка, е најтесно поврзан со образовниот систем, со кој, на различни нивоа, неминовно се опфатени и сите идни кадри. Овој став, кој процентуално значително е помал од процентуалната застапеност при одлучувањето по ова прашање од страна на родителите, во себе го содржи новиот автономен тип на вредности кој воедно претставува производ на младата генерација преку кого уште еднаш доаѓа до израз стремежот на младите кон самостојност и независност, во поглед на изборот на своето идно занимање. Сепак, во овој случај, апсолутната независност на младите, односно на кадрите во подготовка, во врска со нивната професионална ориентација, со оглед на нивната возраст, во актуелните општествено-економски и културни прилики, објективно е неприфатливо, па и непожелно. Оваа констатација ја базираме на фактот дека младите во краен случај се сепак зависни од семејството, од неговата драгоцена помош која посебно во оваа фаза од нивниот развој им повеќе од неопходна, а родителите се должни правилно да ја насочуваат младата личност кон избор на оној кадровски профил за кој таа има одредени способности, односно предиспозиција. Во таа смисла, имајќи ги предвид наведените податоци, високиот процент на прифаќање на хетерономниот тип на вредности, односно прифаќање на ставовите од родителите во врска со професионалната ориентација на кадрите во подготовка, во извесна смисла е и очекуван.

Неспорно е дека своите разновидни потреби современото семејство повеќе не е во можност да ги задоволи без соработка со општествената заедница. Во општествениот однос што се создава при процесот на таа соработка вклучени се два субјекта: семејството и општеството чии интереси притоа можат но и не мораат да се поклопуваат. Сметаме дека во случаите кога семејните и општествените интереси се кохерентни, односно кога и едниот и другиот субјект се заинтересирани за ист профил кадри, семејството, во соработка со општеството, остварувајќи ги своите интереси и цели, успева да одговори и на барањата во поглед на кадровските потреби, што при тоа ги поставува општеството.

Меѓутоа, во случаите кога не постои совпаѓање помеѓу семејните и општествените интереси во врска со професионалната ориентација на кадрите во подготовка, интензитетот, односно јачината на влијанието на семејството на ова поле, сметаме дека се состои во можноста на семејството, како еден од субјектите во дадениот општествен однос, да му ги наметне на општеството сопствените интереси кои би требало да се земат предвид при креирањето на соодветната кадровска политика. Од друга страна може да се случи во тој однос, настапувајќи во името на глобалните општествени интереси кои би требало да се однесуваат и на семејните, општеството да му ги наметне на семејството своите сопствени, специфични интереси и ставови за професионалната ориентација на целокупниот кадровски потенцијал во подготовка. Таквите интереси често, повеќе или помалку, отстапуваат од семејните при што семејството се доведува до подредена општествена положба, односно се загрозува и се доведува во прашање практичното исполнување на определбите и наклоностите на младите кон одредени занимања за кои биле подготвувани и насочувани и од страна на семејството.

Заради тоа, во денешното "персонално општество", членовите на семејството, односно поединците, неприфаќајќи ги наметнатите општествени определби, активно се вклучуваат, односно би требало да се вклучат, во современите општествени текови со што им се отвораат реални можности за директно влијание во насочувањето на општествените процеси.

Според тоа, единствено преку взаемна конструктивна соработка помеѓу семејството и општеството може да се изгради рационална кадровска политика, со што истовремено би се намалил и антагонизмот помеѓу семејните и општествените интереси во оваа област.

**Користена литература**

1. Бурић, Оливера и др., "Породица и друштвени систем", Институт за социјалну политику, Београд, 1980.

2. Милиќ, Анѓелка и Пешиќ, Весна, "Породица и друштво", постдипломске студије, Архитектонски факултет, Београд, 1982.

3. Милиќ, Анѓелка, "Аутономија породице као и циљ друштвене политике, Социологија, Београд, бр. 3-4, 1973.

4. Матилов, Наум, Промените на современото семејство во Македонија, докторска дисертација, Филозофски факултет, Београд, 1990.

5. Еванс, А, А, Флексибилноста во работниот живот (можност за индивидуален избор), преведено од англиски, Индустриско-педагошки институт, Риека, 1975.

**Dr. Naum Matilov**

## *The Impact of the Family on the Professional Orientation of the Personnel in the Stage of Preparation*

*The family, as a primary social group, among other things, plays a very substantial role in the professional orientation of its young members. In this sense, the family has an irreplaceable function since the earliest period of life of the children in directing them towards a specific profession.*

*Anyhow, in conditions of expansion of democratic relations in all socio-economic fields, the family is not to be treated any longer as a little "microspace", more precisely, beside the family, it would be necessary the global society to exert stronger and stronger influence on the choice of the future profession of the young.*